МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# е-билтен

# бр.10

## јануари – јуни 2015


**ИЗДАВА**

Мрежа за рурален развој на
Република Македонија
email: info@ruralnet.mk

ул. Коста Веселинов 3а
1000 Скопје
Р. Македонија
Тел: +389 (2) 3075 506
Факс: +389 (2) 3075 503

www.ruralnet.mk

е-билтен
МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Во овој број...









1 стр. 3 Спроведени активности на Здружението на уметници ракотворци „АРТИ КРАФТ„
2 стр. 5 Рурален развој - одржлив туризам
3 стр. 6 Проект ОРГАНИКА
4 стр. 7 Активности и достигнувања на Арт Поинт - Гумно
5 стр. 9 Промоција на Волонтерски Ресурсен Центар во Гевгелија
6 стр. 10 Активности на ПЕД „Закамен“ Струга – проект „Млади во движење“
7 стр. 11 „Цвет“ од Крушево – активен промотор на крушевската традиција и култура
8 стр. 12 Одбележан првиот пролетен ден во Пехчево
9 стр. 13 Деца одгледуваат лубеници и грав во манастирот „Пресвета Богородица“ на Матка
10 стр. 14 Годишно собрание на Мрежата за рурален развој на Република Македонија
11 стр. 15 Мрежата за рурален развој, учесник во Програмата на УСАИД за подобрување на работењето на организациите (ППРО)
12 стр. 17 Концепт на проектен механизам
13 стр. 18 Афирмација на ЛЕАДЕР пристапот во Југоисточниот и Источниот Плански Регион
14 стр. 19 Презентација на наодите од Студијата за адаптација на анималното производство во Република Македонија спрема климатските промени во Битола
15 стр. 20 Одржана седмата собраниска сесија на БМРР
16 стр. 21 Втор рурален парламент во Летонија и состанок на ПРЕПАРЕ партнерството за рурална Европа



# 1 Спроведени активности на Здружението на уметници ракотворци „АРТИ КРАФТ“

Потребата од создавање на организиран систем за зачувување,негување и промовирање на национални вредности и занаети кои изумираат во нашата држава,а и пошироко на Балканот е повеќе од евидентна.

Во таа насока една група ентузијасти го основаа здружението на уметници и ракотворци „АРТИ КРАФТ“ чија цел е промовирање и искористување на традиционалните, културните вредности и обичаи, преку сплотување на националности кои творат и живеат во Македонија. Во 2015 година, здружението стана членка на Мрежата за рурален развој на РМ.

Во склоп на програмските и проектни цели на здружението, за период од 6 месеци се направени поголем број на активности:

1. По повод 8 ми Март „Денот на жената“ во х. Континентал – Скопје, се одржа Базар на креативни уметнички ракотворби. Ракотворците преку изложените производи ја покажаа својата умешност и креативност. Тие со своите вешти и вредни раце ги испреплетуваат традицијата и културата на живеење со современото време и создаваат производи кои го запираат здивот и се празник за нашите очи и души и кои ги красат многуте жени.
2. Во чест на верскиот празник Велигден во хотел Континентал со прекрасни производи посветени на денот, се претставија преку 20 уметници-ракотворци.
3. Изработениот проект со работен наслов „Занаетчиски колаж 2015“ во склоп на проекти од областа на занаетчиството на Градот Скопје за 2015 год се им-







плементираше од страна на ЗУР „АРТИ КРАФТ“ и Градот Скопје. Пролетен Базар на домашни ракотворби беше организиран на 21 и 22 Мај 2015 год. на Плоштад Филип Втори во Скопје. Преку оваа атрактивна манифестација се претставија ракотворците, уметниците и занаетчиите кои работат со стари занаети како и млади таленти кои преку своите креации ја презентираат македонската уметност и култура на едно место. Посебна радост кај сите беше што БАЗАРОТ се одржа на верски православен христијански празник СПАСОВДЕН и Летен Свети Никола. Со имплементација на проектните активности се воспоставија првични контакти и можности за понатамошна соработка помеѓу претставниците на ЛЕР на Град Скопје и ЗУР АРТИ КРАФТ од Скопје.

4. Приказната за собирање на ракотворците од Балканот во Скопје, која здружението ја започна уште 2013 год., ја исполнува веќе трета година по ред во организација и помош на Градоначалникот на Општина Чаир Г-дин Изет Меџити. На плоштадот Скендер Бег во Стара Скопска Чаршија во Скопје на 15 и 16 јуни 2015 год се одржа БАЛКАНСКИ БАЗАР на домашни ракотворби насловен како „Денови на културата и занаетчиството на Балканот во Скопје“. Се претстави уметници, занаетчии од Турција, Косово, Црна Гора, Србија Албанија, БиХ и гости од Германија, кои со своите уникатни творби го збогатија овој настан кој е од особено значење за здружението, а домаќините од повеќето градови од Македонија (Куманово, Кавадарци, Паланка, Велес, Штип, Битола и Скопје), гордо продолжуваат со ова нивно дело.

5. По повод Денови на женско претприемништво од 14-16 мај 2015 година, во Сараево, на покана од Организација на претприемачи СНАГА ЖЕНА заедно со Здружение на жени во бизнисот на РМ каде ЗУР АРТИ КРАФТ-Скопје е колективна членка, активно зедоа учество и на саемот и на Конференцијата насловена „Што ни донесува новиот ЗАКОН за работа на жените во регионот“, претседателот и потпретседателот на ЗУР АРТИ КРАФТ-Скопје.

6. Од 19 до 27 Јуни 2015 четири членки на АРТИ КРАФТ учествуваа на обука за изработка на ракотворби со филц техника, во Скопје во организација на Турска НВО и обучувачи од КОЦАЕЛИ/Турција.

Настапите во Македонија за летен период се планираат во Пехчево, Битола, Улцињ и Турција.

Идејата на членовите на ЗУР АРТИ КРАФТ е своите уникатни предмети и дела да ги изложуваат во еден Галериски отворен простор кој би го добиле бесплатно од Државата, бидејќи нивните дела се записи, сведоци на минатото на нашиот народ, раскажуваат за богатата култура на сите народи од овој простор кои опстојувале со векови и векови.

Текстот го подготви
Митровска Гордана Беба
Овластен застапник на ЗУР АРТИ КРАФТ Скопје/Македонија













2

# Рурален развој - одржлив туризам



Проектната иницијатива „Рурален туризам одржлив развој", поддржана од проектот на УСАИД за Адаптација на земјоделството кон климатските промени, беше поттикната и спроведена од Здружението на производители на градинарски и цвеќарски видови ХОРТИ ЕКО и Здружението на жени земјоделки АГРО- Винка Виница, двете членки на Мрежата за рурален развој.

Беа организирани 2 обуки на тема



„ Рурален туризам одржлив развој" од кои едната се одржа на 4 и 5 јуни 2015 година во ресторан Панорама Мокрино во с.Мокрино, а другата на 17 и 18 јуни 2015 година во Виница во село Истибања и село Блатец. На обуките имаше учесници од виничкиот и струмичкиот регион, кои имаа можност да стекнат повеќе знаења од областа на руралниот туризам и да го запознаат регионот преку теренските посети кои се организираа кај Мокринските Извори, Меанчето на фамилија Танчеви, Колешинските Водопади, Римските треми во Бања Банско и Струмичката котлина, како и во околината на Виница - селото Истибања. Беа посетени повеќе локалитети кои би можеле да придонесат за развојот на руралниот туризам во регионот како рибник кај фармер во село Лаки, Етно ресторан Конак, копаничарска работилница, манистири, цркви, селски чешми итн.







# 3 Проект ОРГАНИКА



Здружението Институт за развој на заедницата (ИРЗ) – Тетово, во рамките на своите програмски активности, работи на реализација на проектот “Органика” .

Проектот е дел од активностите на МРР за поддршка на проектни иницијативи на организациите членки. Проектот е во времетраење од два месеци.Партнер на проектот е Здружението на жени фармери Моја Фарма – Гостивар.

Цел на проектот е зголемување на интересот на земјоделците за производство на органска храна, надградување на знаењата, вештините на граѓаните за поквалитетно производство на органска храна преку консултации, советувања, информирање, едуцирање на граѓаните. Активностите во рамките на проектот ќе ја подобрат нивната работа со што ќе се влијае на приходите на семејствата, а воедно ќе допринесе и за рурален развој.

ИРЗ работи на имплементација на проектот и реализирани се неколку проектни активности:

- Подготвителна фаза, работна средба со земјоделци која се одржа во село Јанчиште.Тоа беше консултативна средба со заинтересираните граѓани, запознавање со земјоделците, воспоставување на канали на комуникација.
- Работилница со земјоделци, на која земјоделците ги проширија своите знаења за органско производство, и здружување во задруга.Се поставија насоки за соработка и развој на стратегија.

Во тек е креирање на веб страна која ќе биде промовирана на завршната конференција, во рамки на која исто така ќе бидат одржани и две работилници од областа на органско производство, презентација на производи и панел дискусија на релевантни теми.

Со спроведување на предвидените активности, ќе се зајакнат капацитетите на земјоделците кои ќе се стекнат со нови знаења, вештини и ќе се поттикне нивно здружување за остварување на поголеми приноси и квалитет на производи.

За повеќе информации, посетете ја интернет страницата на www.irz.org.mk

4

# Активности и достигнувања на Арт Поинт - Гумно



**Akt 1_1_TravelingExhibition_EU Info Center** – креативна работилница со децата од градинката СПИРИТ на отворањето на патувачката изложба во ЕУ Инфо центарот во Скопје (18.05.2015)

## 1. Патувачка изложба: „ДИВИТЕ БИЛКИ ОД МОЈОТ КРАЈ“

**1.1.** „Арт Поинт - Гумно“ ја започна годината со продолжение на патувачката изложба со наслов „ДИВИТЕ БИЛКИ ОД МОЈОТ КРАЈ“. Се работи за оригинална поставка на цртежи, хербариуми и фотографии изработени од волонтери сите обединети во проектот: „Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија“. Овој проект се реализираше во соработка со Plantlife International, од Велика Британија и Македонското еколошко друштво од Скопје. Крајната дестинација на изложбата што пропатува низ Демир Хисар, Битола, Охрид и Теарце беше ЕУ Инфо центарот во Скопје кадешто симболично, со затворањето на изложбата на 31ви мај, беше обележан и крајот на проектот. (21.03. – 31.05.2015)

**1.2.** Настанот „Калемење на автохтони сорти на овошки“ беше организиран во рамките на истиот проект. Заедно со претставници од ЦСУ„Крсте Петков Мисирков” од Демир Хисар, бевме гости на ЕД ГРАШНИЦА од Охрид во с. Завој кадешто домаќини ни беа прочуените калемари - чичко Крсте и Наумче коишто со години ги облагородуваат дивите подлоги со автохтони сорти на јаболка и круши што потекнуваат уште од турскиот период. Македонското еколошко друштво – МЕД обезбеди стручна помош од страна на Проф. д-р Тошо Арсов кој меѓу другото, даде посебен акцент во делот на заштита на биодиверзитетот. (17.04.2015)



**Akt 1_2_Crafting autohtonic varieties_2** – Проф. д-р Тошо Арсов при практична демонстрација на калемење

## 2. Официјален почеток на проектот: „ПОЗДРАВЕТЕ ГИ ПТИЦИТЕ ОД ИЛИНСКА-ПЛАКЕНСКА ПЛАНИНА!”

На 18ти април, официјално започнаа теренските активности од проектот поддржан од Македонското еколошко друштво - МЕД и Еуронатур од Германија. Главната цел на проектот е промоција на биодиверзитетот преку идентификација и запознавање на птиците и нивните живеалишта на подрачјето на Илинска-Плакенска Планина и локалитетот Белчанско блато (Општина Демир Хисар). Со проектот ќе се подигне јавната свест кај локалното население и туристите за птиците и нивното значење за природата во регионот. Воедно, со овој проект ќе се поддржат активностите за мониторинг на птиците во МК и процесот за воспоставување на НАТУРА 2000 подрачје.




**Akt 2_How do we recognize birds_MED Expert** – Експертот на МЕД, Ксенија Путилин за време на презентацијата за препознавање и мониторинг на обичмите видови птици во Слоештица

Во проектот активно учествуваат 10 млади волонтери од с. Слоештица, с. Жван и с. Вирово, а освен стручната поддршка од експертите на Македонското Еколошко Друштво – МЕД (мониторинг на птици), свој придонес дадоа и уметниците, гости на уметничката резиденција на АПГ (креативна работилница со волонтерите).

## 3. Уметничка резиденција „Арт Поинт - Гумно" 2015

14тата по ред интернационална уметничка резиденција се одржа од 11ти јуни до 6ти јули годинава. И овој пат, работилницата остана доследна на високите критериуми на организаторите – гостуваа четворица реномирани светски уметници со оригинален авторски печат: Мишел Коноли од Австралија, Бети Брицељ од Словенија, Јошкин Шиљан од Србија и Леон Пачет од Обединетото Кралство (Шкотска). Љубителите на уметност имаа можност директно да се сретнат со уметниците и да ги видат нивните дела за време на настанот „Отворено студио" што годинава се одржа на 21ви јуни.

Проектот се реализираше со делумна поддршка од Министерството за култура на Република Македонија.

Повеќе информации за здружението Арт Поинт – Гумно ќе најдете на нивната интернет страница: [www.artpoint-gumno.org.mk](http://www.artpoint-gumno.org.mk)



**Akt 2_Monitoring of the birds** – Групата волонтери заедно со уметниците и експертите на теренски мониторинг на птици во атарот на с. Слоештица



**Akt 2_Minutes from Creative WS -** Уметникот од соседна Србија, Јошкин Шиљан и дел од волонтерите за време на креативната работилница



**Akt 3_Poseta na APG_Otvoreno studio** – дел од атмосферата на самиот почеток на настанот Отворено студио



**Akt 3_Michelle Connolly and others_working outside** – Дел од работната атмосфера во АПГ, Мишел Коноли од Австралија и другите уметници



**Akt 3_Leon Patchett_Work in progress** – Леон Пачет од Велика Британија ја работи скулптурата со шишарки



**Akt 3_Beti Bricelj_New work coming** – Бети Брицељ од Словенија, работно во студиото на АПГ

# Промоција на Волонтерски Ресурсен Центар во Гевгелија



Досегашните и идни активности на Волонтерскиот Ресурсен Центар - Гевгелија беа презентирани на промоцијата на Волонтерскиот Ресурсен Центар – Гевгелија, која се одржа на 11 мај 2015год. во просториите на хотел Аполонија.

На настанот претставниците на компаниите, организациите и институциите од општина Гевгелија имаа можност да се информираат и дискутираат за придобивките кои може да ги имаат од нивно вклучување како корисници на услугите понудени од Волонтерскиот Ресурсен Центар (ВРЦ).

Промоцијата ја отвори и ја водеше Магдалена Стамкова, претседател на Здружението за едукација на деца и млади „Сложувалка“, организација партнер-реализатор на проектот, која ги запозна присутните со идејата за ВРЦ, како програма која промовира волонтеризам и општествена одговорност меѓу младите. Потоа, Ристо Атанасовски, менаџер на ФЛОРИТ, организација која е активен поддржувач на реализацијата на ВРЦ преку поддршка за обезбедување ресурси и размена на искуства, ја истакна потребата за заедничка соработка и меѓусебна промоција на локалните НВО. На настанот своето искуство го сподели и Ацо Ристовски, директор на Фондација Аполонија, организацијата-иницијатор за отварање на ВРЦ, кој накратко ја пренесе приказната за зачетоците на креирање на локално волонтерско катче.

Волонтерскиот Ресурсен Центар е отворен во 2014 година од страна на Фондација Аполонија и ЗЕДМ Сложувалка, како одговор на идентификуваниот јаз на пазарот на трудот помеѓу работните квалификации на младите и работните вештини кои му се потребни на локалниот приватен сектор.

Во втората половина на август 2015 година ќе започне да се имплементира вториот циклус активности на ВРЦ, во кој е предвидено е да се одржат обуки и семинари за изработка на CV, мотивационо писмо и совети за правилно однесување за време на интервју, јавно говорење, основи на административно работење, вработување онлине, корисни ИТ вештини, маркетинг- промоција преку социјални мрежи и проектен менаџмент.

Волонтерскиот Ресурсен Центар е формиран за преку волонтерска работа да креира услови за квалификуван работен кадар кој успешно ќе одговори на потребите на локалниот приватен сектор во општина Гевгелија.

Главна цел на ВРЦ е да ги развие капацитетите на младите преку серија на работилници за меки вештини и практична промоција на волонтеризмот и да им овозможи стекнување на вештини, кои ќе ги направат поконкурентни кандидати на пазарот на труд, подобрувајќи го процесот на адаптација кон идните работни/практикантски позиции.

Настанот е организиран од Здружението за едукација на деца и млади СЛОЖУВАЛКА, Гевгелија во партнерство со ФЛОРИТ и Фондација Аполонија, а е поддржан од Мрежа за Рурален Развој и Детра Центар во рамки на Проектот на УСАИД.

Освен подготовките за новиот циклус обуки и семинари на ВРЦ, ЗЕДМ Сложувалка забрзано се подготвува за учеството во делот „Зона за граѓанска акција“ на Д-Фестивал во Дојран од 17-19 јули 2015, каде Здружението ќе понуди дводневна агенда во која ќе бидат организирани неколку работилници и низа забавни друштвени игри за посетителите, со цел да ги промовира своите цели и активности, како и обуките во ВРЦ.

Исто така, ЗЕДМ Сложувалка и годинава ја поддржува иницијативата за одбележување на Меѓународниот Ден на млади 2015 во Гевгелија, каде по втор пат ќе се организира еднодневен настан со кој ќе се промовира капацитетот на младите за вклучување во општеството преку делување на теми од заеднички интерес и промоција на локални млади таленти. Настанот ќе се случи на 12 август 2015 година, а претходно, во соработка со претставници и волонтери од Фондација Аполонија и Центар за поддршка на НВО ќе бидат организирани активности за собирање на средства за реализација на настанот.

За сите информации за ВРЦ-Гевгелија и останатите активности на ЗЕДМ Сложувалка, контактирајте не` на info@slozuvalka.org.mk

6

# Активности на ПЕД „Закамен“ Струга – проект „Млади во движење“




Од месец април до јуни 2015 планинарското еколошко друштво „Закамен“ од Струга го реализираше проектот „Младите во движење“. Цел на проектот беше подигнување на јавната свест и едукација на локалното население за биолошката разновидност на планината Јабланица, со цел нивно зачувување и правилно користење во иднина. Целната група на проектот опфати млади на возраст од 14-26 години.

Како дел од проектот беа реализирани 4 активности:

1. Едукативни предавања во средните училишта „Нико Нестор“ и „Д-р Ибрахим Темо“ во Струга каде на младите им беше презентирана биолошката разновидност на планината Јабланица
2. Планинарска тура каде младите директно ги засведочија последиците од неконтролираната сеча на планината Јабланица.
3. Младински еко-камп кој траеше 3 дена каде учесниците директно беа запознаени со лековитите билки, шумските плодови и печурките кои можат да се најдат на планината Јабланица и начини за нивно одржливо користење.
4. Еко-марш „Да ги сочуваме шумите на планината Јабланица“ по повод Светскиот ден на животната средина. Поради неконтролираната и нелегална сеча која континуирано зазема се поголем интензитет, огромни предели на шума на планината Јабланица се опустошени. Со овој марш се актуелизира иницијативата на Македонското еколошко друштво за прогласување на Јабланица за национален парк и заштита на нејзините ретки природни богатства.

Проектот „Млади во движење“ е финансиран од фондацијата Еуронатур Германија и Мава Швајцарија, а е поддржан од Македонското еколошко друштво.

Повеќе информации на zakamen.org.mk и www.facebook/ZakamenPED



7

# „Цвет“ од Крушево – активен промотор на крушевската традиција и култура

Организацијата на жени „Цвет“ од Крушево, една од првите членки на Мрежата за рурален развој, веќе долги години активно работи на зачувување и промоција на крушевската традиција и култура.

На почетокот на оваа година, „Цвет“ организираше прослава на празникот Василица, а дел од средствата добиени преку продадената лотарија и влезниците беа наменети за хуманитарни цели, односно помош на социјално загрозени семејства. Новогодишни пакетчиња беа доделени на деца од социјално загрозени семејства и деца со посебни потреби од дневниот центар во Крушево.

Во март, „Цвет“ го одржа годишното собрание во рамки на кое имаше предавање на тема „Еколошки туризам“.

Преку проектниот механизам на МРР, беше поддржана проектната иницијатива „Едукација на креативна индустрија“, која „Цвет“ ја спроведуваше во соработка со организацијата „Преда плус“ од Прилеп. Во текот на месец април и мај тие организираа едукативни работилници за рачна изработка на традиционална облека со вметнати нови и модерни дизајни. На овој начин „Цвет“ придонесе во пренесување на знаењето и вештините кон помладите генерации и економско зајакнување на крушевската жена.

На 23 мај, жените од организацијата „Цвет“ зедоа учество во приготвување на Влашката одаја, проект реализиран во партнерство со Локалната самоуправа, кадешто подготвија стари традиционални слатки, разни видови на стари ликери, и традиционални слатка од овошје.









8

# Одбележан првиот пролетен ден во Пехчево







Учениците од Основното училиште „Ванчо Китанов“ од Пехчево, низ песни и игри го одбележаа првиот ден на пролетта. Настанот кој се одржа на 21 март, беше поддржан од Мрежата за рурален развој на Република Македонија и уште неколку невладини организации од регионот на Пехчево, како Еколошкото друштво „Солза“ и Центарот за лековити билки и шумски плодови „Амброзија“.

Покрај работната акција за чистење на училишниот двор, децата имаа можност да се запознаат со негативните влијанија од климатските промени врз луѓето и земјоделството. За време на настанот проектот на УСАИД за Адаптација на земјоделството кон климатските промени им поделе промотивни маици со слоган инспириран од климатските промени.



9

# Деца одгледуваат лубеници и грав во манастирот „Пресвета Богородица“ на Матка



Мрежата за рурален развој на Република Македонија (МРР на РМ), во соработка со компанијата „Маган мак“ и манастирот „Пресвета Богородица“ на Матка, им овозможија на малите деца на возраст од 6 до 13 години, од црковната заедница во Криви Дол, да се запознаат со процесот на садење, одгледување и растење на градинарските култури.

„Активноста ја почнавме пред неполн месец. Се собраа околу дваесетина деца, кои со родителите ги однесовме во градината на женскиот манастир „Пресвета Богородица“. Целта беше да се влијае едукативно, но и самите деца да се вклучат во одредени активности. Тие засадија мали семки од лубеница и гравче во мали саксии во кои се подготвува расад. Семето го обезбеди Иван од Маган-мак. Секое дете си зема дома по две саксии, една со семе од грав и една со семе од лубеница за да можат да гледаат како тие растат, самите да ги полеваат и одгледуваат – објасни Петар Ѓоргиевски, претседател на МРР, чија идеја беше ваквата иницијатива.

Кога растенијата пораснаа до одредена големина, децата повторно отидоа во манастирот на 10 мај, каде ги засадија растенијата во градината на сестрите. Покрај расадот од лубеница и грав садеа и различни цвеќиња со што придонесоа за хортикултурното уредување. Воедно ова беше прилика децата да се запознаат меѓусебно и да остварат пријателства.

Иницијаторите имаат во план да го прошират проектот, обезбедувајќи средства преку различни фондови, за истиот да го спроведат на фарма, во близина на Скопје.

„Имаме фармери кои се заинтересирани и сакаат да ја поддржат идејата. Korиста ќе биде не само за децата туку и за фармерите. Децата ќе ги научат основите на градинарството, а фармерот својата фарма ќе може да ја понуди за друг вид услуги. Децата би биле ангажирани, ќе имаат своја задача и би оделе таму секои две недели, во зависност од тоа што ќе се сади. Бидејќи на фармите има повеќе простор, би можеле да се ангажираат и повеќе деца. Од друга страна, фармите имаат и животни, па би се запознале и со нив. Во Италија, на пример, има фарми каде директно се произведува моцарелата, па секој може да види како таа се прави. Потоа, на пример, од градинарските производи децата би можеле да прават јадења и на тој начин кај нив да се развива свеста за здрават храна и како таа се подготвува. Има повеќе идеи кои би можеле да се развијат, а од кои би можеле да имаат корист и фармерите, како на пример, земјоделски туризам.“ - рече Петар Ѓоргиевски.

Монахињите од манастирот „Пресвета Богородица“ со задоволство ја поддржаа ваквата идеја, бидејќи сметаат дека тоа е едукативно и здраво за децата и ќе им овозможи да се запознаат повеќе со растенијата и со природата.



10

# Годишно собрание на Мрежата за рурален развој на Република Македонија

На 5 и 6 март, во хотелот „Холидеј ин" во Скопје, Мрежата за рурален развој на Република Македонија го одржа своето редовно Годишно собрание. Вкупно 37 претставници на 30 организации – членки на МРР присуствуваа на дводневната средба на Собранието.

Во рамки на првиот ден, консултантската компанија ДЕТРА како имплементатор на Програмата на УСАИД за подобрување на работењето на организациите – ППРО, изврши проценка на нејзиното влијание врз работата и работните процедури на МРР и организациите – членки. По завршување на дискусијата и оценување на влијанието на програмските активности, беше спроведена анализа на имплементација на активностите од аспект на: процесот, вклученост на членките на МРР во проектните активности, научени лекции и недостатоци и тесни грла.

Вториот ден од Собранието беше отворен од Претседателот на МРР со кратко обраќање до членките и претставување на дневниот ред. Претседателот на Управен Одбор ги презентираше активностите на Мрежата спроведени во текот на 2014 год., како и идните планирани активности. Од страна на членките, едногласно беше усвоена годишната програма на МРР и деловниците за работа на Собранието и Управниот Одбор. Ранкица Божиновска, од здружението „Моја фарма" како член на административното тело, го презентираше проектниот механизам на Мрежата, објаснувајќи ги критериумите за поддршка на прооктите, како и начинот и постапката за добивање поддршка на проекти од МРР.








Втората пополовина од средбата беше посветена на работа во групи со цел идентификување на проблеми во руралните средини и синтетизирање на идеи во рамките на 6 дефинирани теми: Малите семејни земјоделски стопанства во нивниот придонес за безбедност и обезбедување со храна; Вмрежување и советодавни услуги водени од потребата на заедницата; Диверзификација на руралните економски активности (занаетчиството и поддршка на развојот на руралниот туризам); Одржлив демографски развој во руралните средини (социјална кохезија); Вработување на младата популација и дрги ранливи групи во руралните средини; и Искористување на владини фондови за корисниците во земјоделството и руралниот развој. Крајната цел на ваквата работилница беше да се крене гласот на руралното население, преку собирање на идеите од локално ниво и синтетизирање на национално, за нивно понатамошно адресирање на Европско ниво.

11

# Мрежата за рурален развој, учесник во Програмата на УСАИД за подобрување на работењето на организациите (ППРО)

Мрежата за рурален развој (МРР) беше една од партнерските организаци во Програмата на УСАИД за подобрување на работењето на организациите имплементирана од ДЕТРА Центар. Основната цел на Програмата беше подобрување на изведбата на оние организации што се сметаат како клучни за развојот на државата и целите што УСАИД Македонија се стреми да ги оствари. Како дел од Програмата, МРР доби експертска поддршка за зајакнување на својата структура, подобрување на своите работни процеси, како и јакнење на капацитетите на своите вработени и на претставници од организациите членки на Мрежата.

Според спроведената проценка од ППРО и дијагностицираните потреби, фокусот на интервенциите во периодот Јуни-Декември 2014г. беше поставен на две области: капацитет за стратешко и оперативно планирање и проектен менаџмент.

Во спроведување на предвидените активности учествуваа претставници од централната канцеларија, како и претставници од организациите членки на Мрежата. Поддршката од ППРО се оствари преку реализација на работни и менторски средби, како и низа работилници со експерти од одредени области.

Во сегментот кој го опфаќа капацитетот на мрежата и членките за стратешко и оперативно



планирање, МРР спроведе процес на ревизија на постоечкиот стратешки план. Во таа насока беа реализирани четири работилници на кои се спроведе анализа на внатрешните организациски капацитети и контекстот на работа на Мрежата, по што беа ревидирани и визијата и мисијата на Мрежата, а се дефинираше стратешкиот фокус за наредните три години. Ваквиот процес овозможи широка вклученост на членките на Мрежата на различни начини со што се придонесе кон засилување на комуникацијата и продлабочување на припадноста и заедништвото во Мрежата. Стратешкиот план на МРР беше финализиран во септември 2014 г. по што Мрежата заедно со ППРО одржа две промоции на истиот во регионалните канцеларии во Пехчево и Гостивар.

Изработката на Годишната програма на Мрежата, беше спроведена преку серија работилници и менторска поддршка во текот на месец ноември и декември 2014. Се одржа работилница за интегрирано планирање на Мрежата каде учествуваа претставници од организациите членки кои се запознаа со важноста на процесот за интегрирано годишно планирање, придонесот кој од нив се очекува во процесот



на интегрирано планирање, природата и опсегот на комплетниот процес за годишно планирање како и на неговите клучни елементи и димензии. Како резултат од работилницата учесниците дефинираа приоритетни активности за МРР во претстојната 2015 година и развија неколку заеднички активности на членките и МРР. Понатаму, помала работна група продолжи да работи на развој на Годишната програма како конкретен документ кој беше усвоен на седницата на Собранието на МРР во март 2015 година.

Со цел да се создаде внатрешна група на потенцијални тренери и обучени фасилитатори кои ќе можат самостојно да ги раководат и фасилитираат активностите на Мрежата во доменот на градење капацитети, ППРО реализираше обука за внатрешни интегратори. На оваа обука група од 12 претставници од организациите членки ги подобрија своите фасилитаторски вештини и беа запознати со пристапот на работа кој ДЕТРА Центар го користи во рамки на својата СКИТОП методологија. Понатаму, помала група од овие учесници посети обука за обучувачи за подготовка и развој на стратешки и годишни планови. Оваа група на тренери, со менторска поддршка од ППРО, го спроведе процесот на развој на 5 стратешки и 5 годишни планови на членки од Мрежата.

Вториот фокус на поддршка од ППРО за Мрежата се однесуваше на зајакнување и развој на капацитети за проектно работење. За таа цел во текот на октомври и ноември, 2014, беше организирана работилница за раководење со проектен циклус составена од два модула на која учествуваа претставници од организациите членки заедно со учесници и од другите партнерски организации на ППРО. Учесниците работеа на развивање на своите проектни идеи користејќи ја методологијата на Логичка рамка и имаа можност да се здобијат со знаења за логика на интервенција, проектни резултати, индикатори и буџет. Како резултат на оваа работилница, две организации членки на Мрежата – "Моја фарма" и "Козјачија во срцето", развија заедничка проектна иницијатива која прерасна во апликација за повикот на Програмата на Американската Амбасада за мали грантови. Иницијативата беше идентификувана преку директен контакт со жените од руралните региони на Куманово и Гостивар и има за цел да ја зголеми свесноста за важноста од еманципацијата на жените во руралните подрачја.

Понатаму, Мрежата со поддршка на ППРО реализираше две работилници за развој на модел за проектен менаџмент. Во овој процес беа вклучени членови од управувачката структура заедно со неколку претставници од членките на Мрежата. Работната група разви рамка за одржлив проектен механизам внатре во Мрежата со кој ќе биде поддржана подготовка и имплементација на мали проекти согласно методологијата на проектен циклус. Почнувајќи од декември, Мрежата го започна процесот на пилотирање на овој модел. Откако беа развиени сите потребни процедури и назначени одговорни тела, се објави повикот за поддршка на проектни предлози од членките кој беше проследен со неколку регионални информативни настани раководени од претставници на Мрежата. По завршување на рокот за пријавување одговорното тело ги разгледа апликациите и селектираше три организации ( Цвет – Крушево, Организација на жените – Пехчево и Сложувалка – Гевгелија) кои добија финансиска подршка за реализирање на своите проектни активности. При тоа еден од клучните критериуми за квалификација беше воспоставувањето партнерства помеѓу членките во имплементацијата на проектни идеи.

Дополнително, до јуни 2015 година кога заврши поддршката од ППРО, беа реализирани активности за јакнење на капацитетот на Мрежата во областите етика на работењето, интерна комуникација и организациско учење.



12

# Концепт на проектен механизам

Македонските граѓанските организации во развој, од кои повеќето се воспоставени со помош на странски донатори, сѐуште зависат во голема мера од таквите донатори. Ова се однесува и на организациите членки на МРР, кои генерално покажуваат кусок на капацитет за концептуализација и способност да спроведат посебни програми и проекти за добробит на руралните заедници. Оттаму, МРР обезбеди програма за изградба на капацитетите посебно осмислена за на организациите членки да им обезбеди потребно знаење, вештини и способност што потенцијално ќе доведат до намалување на нивната зависност од донатори.

Со поддршка на Програмата на УСАИД за подобрување на работата на организациите, МРР подготви модел за проектно управување што се нарекува проектен механизам. Членките на управната структура на МРР и претставници на организациите членки учествуваа во процес на подготовка на ваквата алатка. Работната група подготви рамка за одржлив проектен механизам внатре во Мрежата, како поддршка за подготовка и спроведување на мали проектни иницијативи според методологијата на проектен циклус.

Во процесот на пилотирање на проектниот механизам преку предлог проекти, избрани беа три организации (Цвет – Крушево, Организација на жени – Пехчево и Сложувалка – Гевгелија) на кои им беше доделена финансиска поддршка за спроведување на предлог проектите. Во текот на тромесечјето април-јуни, сите три мали проекти беа успешно спроведени.

Преку компонентата за изградба на капацитети во рамките на Проектот на УСАИД за адаптација на земјоделството кон климатските промени, МРР обезбеди поддршка за нови осум проектни иницијативи на членките на МРР и го објави вториот внатрешен повик за поддршка на проектните активности. Координативното тело организираше информативни средби на 6 различни локации (Куманово, Пехчево, Гевгелија,Гостивар, Битола и Струга) и на членките на МРР од источниот и западниот дел на Македонија им обезбеди понатамошни образложенија за критериумите на повикот.

До крајниот рок за поднесување предлог проекти (30 април), во МРР пристигнаа 11 апликации, секоја подготвена во партнерство со барем две организации членки на МРР. Административното тело составено од претставници на организациите од МРР, одржа две средби во мај и спроведе проценка на сите апликации на две нивоа: техничка компетентност (поднесок со сите потребни документи) и компетентност на содржина. Избрани беа осум проекти според критериумите за проценка: пет целосно беа во сообразност со критериумите на проектниот механизам, додека од апликантите од три проекти побарано беше да направат измени. МРР потпиша Меморандум на разбирање со организациите што поминаа на повикот, а тој влезе во сила во јуни со почетокот на следните проектни иницијативи:

1. **„Промоција на локалните капацитети со каталог на конзервирана храна“**

Носител на апликацијата: Фондација за локален развој и развој на информатичка технологија
Партнер: Здружение за едукација на деца и млади – Сложувалка

2. **„Промоција на Бислимската клисура: Дојди! Види! Уживај! И зборувај за убавините на Бислимската клисура“**

Носител на апликацијата: Граѓанско здружение на Локалната акциска група за рурален развој „Гласот на селото“
Партнер: Центар за рурален развој „БУЈРУМ“

3. **„Руралниот туризам како можност за развој и соработка во заедницата“**

Носител на апликацијата: Здружение Центар за билки и шумски плодови „Амброзија“
Партнер: Еколошко здружение „Солза“

4. **„ЛЕАДЕР ФЕСТ 2015“**

Носител на апликацијата: Регионален центар за застапништво – Делчево
Партнер: Здружение Центар за билки и шумски плодови „Амброзија“

5. **„Промоција на потенцијалите за развој на рурален туризам – РУРАЛНА СТРУГА“**

Носител на апликацијата: Здружение Креативен центар „РУРБАНКУЛТ“
Партнер: Здружение за еднакви можности ЕЗЕРКА

6. **„Промоција на Малешевскиот регион преку културна традиција“**

Носител на апликацијата: Здружение на хотелиери, туристички работници и занаетчии „Напредок“
Партнер: Центар за култура и информации „ГАВРАН“

7. **„ОРГАНИКА“**

Носител на апликацијата: Институт за развој на заедницата
Партнер: Здружение на жени земјоделки „Моја фарма“

8. **„Одржлив развој на руралниот туризам“**

Носител на апликацијата: Здружение на производители на зеленчук и цвеќе “ХОРТИ ЕКО“
Партнер: Здружение на жени земјоделки „АГРО-ВИНКА“

13

# Афирмација на ЛЕАДЕР пристапот во Југоисточниот и Источниот Плански Регион

Мрежата за рурален развој на РМ (МРР на РМ), како организација којашто се фокусира на развојот на руралните заедници, продолжува да поддржува активности за промоција на ЛЕАДЕР пристапот, кој поттикнува поголема вклученост на руралното население во процесот на донесување одлуки важни за заедницата. Оттука, преку проектот на УСАИД за адаптација на земјоделството кон климатските промени, МРР на РМ спроведе активности за развој на капцитетите во рамки на ЛЕАДЕР, кај чинителите од 4 општини во Југоисточниот Плански Регион: Струмица, Василево, Босилово и Ново Село. МРР поддржа создавање на ентитет, Локална Акциска Група во форма на јавно приватно партнерство вклучувајќи партнери од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, покривајќи ги интересите на различни засегнати страни од овие општини. Групата разви стратегиски документ за локален развој врз основа на кој беа подготвени и селектирани 3 проектни иницијативи кој ќе се спроведат во текот на следниот период.

Истовремено, МРР на РМ, ги прошири ваквите активности и во Источниот Плански Регион, одржувајќи иницијален состанок за промоција на ЛЕАДЕР пристапот, на 11 февруари 2015 год., во Берово. Во наредните неколку месеци, МРР, организираше повеќе работилници во општините: Пехчево, Берово, Делчево и Македонска каменица, каде засегнатите страни од регионот имаа можност да се запознаат со принципите на ЛЕАДЕР пристапот и да стекнат вештини за изработка на стратегија за локален развој.













# Презентација на наодите од Студијата за адаптација на анималното производство во Република Македонија спрема климатските промени во Битола

На 24 март, во Битола, Мрежата за рурален развој на Република Македонија одржа уште една работилница за презентација на наодите од Студијата за адаптација на анималното производство во Република Македонија спрема климатските промени, која беше изработена во рамки на проектот на УСАИД за адаптација на земјоделството кон климатските промени.

Проф. Д-р Сретен Андонов, како координатор на експертскиот тим што ја подготви студијата, ги објасни штетните влијанија од климатските промени врз сточарскиот сектор и даде насоки и совети за примена на соодветни адаптивни мерки и навремена подготовка на анималното производство за таквите очекувани негативни влијанија.

15




# Одржана седмата собраниска сесија на БМРР

Мрежата за рурален развој на Република Македонија учествуваше на седмата собраниска сесија на Балканската мрежа за рурален развој (БМРР) којашто се одржа на 27 април 2015 год. во Брисел. На состанокот присуствуваа претставници на ПРЕПАРЕ – Партнерството за рурална Европа, Генералниот директорат за земјоделство, Европската мрежа за рурален развој и Европската комисија. Собранието беше поддржано од страна на Постојаната работна група за регионален рурален развој во Југоисточна Европа (SWG).



# Втор рурален парламент во Летонија и состанок на ПРЕПАРЕ партнерството за рурална Европа

Во периодот од 3 до 5 јуни, 2015 год. во малиот град Лигатне, во Летонија, се одржа вториот Летонски парламент на руралните заедници „Креирање предуслови за развој на малите градови и рурални средини". Тродневниот настан организиран од страна на Летонскиот рурален форум и Фондацијата за општествена интеграција, собра околу 250 претставници на различни чинители од руралните средини во Летонија и ширум Европа, меѓу кои беше и претставник на Мрежата за рурален развој на Република Македонија. Учесниците имаа можност да дискутираат на повеќе теми релевантни за руралните заедници и да споделат искуства и добри практики.



Лигатне е мало градче оддалечено 72 км од главниот град Рига. Често е нарекуван „град на пештерите" заради вкупно 333 пештери во неговата околина. Тоа е местото на најстарата фабрика за хартија во Летонија, основана во 1815 год. Учесниците во парламентот посетија неколку практични иницијативи во близина на Лигатне, кои претставуваа инспиративни идеи за развој на руралните заедници.

Крајната цел на вториот Летонски рурален парламент беше развој на заедничка Резолуција со која заедниците и креаторите на политики ќе се обврзат да преземат специфични акции во текот на следните 2 години, како и некои долгорочни акции.

ПРЕПАРЕ партнерството за рурална Европа, ја искористи оваа прилика, да ги собере своите партнери на 5 и 6 јуни во Рига каде одржа координативен состанок. Покрај тековните теми, на состанокот беше дискутирано за предстојниот, втор по ред, Европски рурален парламент, каде МРР на РМ има активна улога во процесот на собирање и синтетизирање на проблемите и идеите произлезени од руралното население во Македонија и нивното адресирање на национално и ниво на ЕУ.









